# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>21.04.2016 год.<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 51 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Решение | **2** |
| **2.** | Заклучок за дозвола за извршување | **3** |
| **3.** | Јавна објава | **4** |
| **4.** | Јавна објава | **4** |

Република Македонија
**Општина Охрид**

ИП 1 бр 36-333
Охрид, 19.04.2016год.
Дневник бр. 26/16
Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492; 262-493
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Овластениот градежен инспектор врз основа на член 137 став 1 алинеа 1 и член 135-а став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14 и 42/14), по извршениот инспекциски надзор во Охрид, на КП 15547/1 КО Охрид 3, на ул. „булевар Туристичка" бб во поглед на недостатоците утврдени со записникот за инспекциски надзор Ип 1 бр 36-333 од 19.04.2016година, донесе:

***РЕШЕНИЕ***

1. Се наредува на инвеститорот **НЕПОЗНАТО ЛИЦЕ (Н.Н.)** со седиште на ул. „_________/________" бр. __/__ во ___/___ ВО РОК ОД 3 ДЕНА по приемот на ова Решение ДА ЈА ОТСТРАНИ ПОСТАВЕНАТА УРБАНА ОПРЕМА: рекламно пано-билборд со димензии 4,20мХ3,00м на два метални кутијасти носачи со димензии 100ммХ100мм и висина 5,00м, која е поставена на КП 15547/1 КО Охрид 3, и е поставена без Одобрение за поставување на урбана опрема и без Договор за закуп на земјиште на ул. „булевар Туристичка" бб во Охрид.
2. Ако поставената урбана опрема не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на отстранување на урбаната опрема.
3. Трошоците за извршување на ова Решение се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето на Решението.
5. Ако урбаната опрема не се отстрани во определениот рок, ќе се постапи по прекршочната одредба член 63 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РМ бр. 50/10; 161/10 и 157/11).

***Образложение***

Овластениот градежен инспектор при Општина Охрид постапувајќи по службена должност, изврши инспекциски надзор и изврши увид на лице место на ден 19.04.2016година и констатира со Записник за инспекциски надзор Ип 1 бр 36-333 од 19.04.2016година дека инвеститорот НЕПОЗНАТО ЛИЦЕ (Н.Н.) поставил урбана опрема: рекламно пано-билборд со димензии 4,20мХ3,00м на два метални кутијасти носачи со димензии 100ммХ100мм и висина 5,00м, која е поставена на КП 15547/1 КО Охрид 3, и е поставена без Одобрение за поставување на урбана опрема и без Договор за закуп на земјиште на ул. „булевар Туристичка" бб во Охрид.

Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето, согласно со членот 137 став 4 и член 135-а став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14 и 42/14).

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во општински инспекторат-Општина Охрид под број Ип 1 бр 36-333 на ден 19.04.2016година.

МП

Советник овластен градежен инспектор:
дипл.инж.арх. СЛОБОДАН ДАМЈАНОВСКИ

Република Македонија
**Општина Охрид**

ИП 1 br 36-333
Охрид, 20.04.2016год.
Дневник бр. 26/16
Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492; 262-493
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 223, 224 и 225 од Законот за општа управна постапка (Сл весник на РМ бр. 38/05; 110/08 и 51/11) овластениот градежен инспектор при општинскиот инспекторат Општина Охрид донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за дозвола за извршување**

**1. СЕ УТВРДУВА** дека Решението Ип 1 бр 36-333 од 19.04.2016година, донесено од страна на овластениот градежен инспектор при Општина Охрид е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
**2. СЕ НАЛАГА** на извршеникот НЕПОЗНАТО ЛИЦЕ (Н.Н.) со седиште на ул. „________/_____" бр. __/__ во _____/____, ВО РОК ОД 3 ДЕНА по приемот на овој Заклучок сам ДА ЈА ОТСТРАНИ УРБАНАТА ОПРЕМА: рекламно пано-билборд со димензии 4,20мХ3,00м на два метални кутијасти носачи со димензии 100ммХ100мм и висина 5,00м, која се наоѓа на КП 15547/1 КО Охрид 3, поставена БЕЗ Одобрение за поставување на урбана опрема или Договор за закуп на земјиште во вржавна сопственост на ул. „булевар Туристичка" бб во Охрид.
3. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата против овој Заклучок не го одлага извршувањето на Решението.
5. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, , ќе се постапи по прекршочната одредба член 63 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РМ бр. 50/10; 161/10 и 157/11).

***Образложение***

Овластениот градежен инспектор при Општина Охрид со Решение Ип 1 бр 36-333 од 19.04.2016година му наложи на инвеститорот НЕПОЗНАТО ЛИЦЕ (Н.Н.) да ја ОТСТРАНИ поставената урбана опрема: рекламно пано-билборд со димензии 4,20мХ3,00м на два метални кутијасти носачи со димензии 100ммХ100мм и висина 5,00м, што е поставена БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА или Договор за закуп на земјиште во вржавна сопственост на ул. „булевар Туристичка" бб во Охрид.

Жалбата против првостепеното Решение со кое се наредува отстранување на поставената урбана опрема што е поставена без Одобрение за поставување на урбана опрема, а чие извршување се допушта со овој Заклучок согласно член 137 став 4 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14), не го одлага извршувањето на Решението.

Поради тоа во оваа Управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на член 270 став 2 точка 3 од Законот за општа управна постапка (Сл. весник на РМ бр 38/05; 110/08; 51/11), И член 143 став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12г; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14 и 42/14), станува извршно со донесување Заклучок на странката на која се однесува Решението.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примероци.
Решено во општински инспекторат-Општина Охрид под број Ип 1 бр 36-333 на ден 20.04.2016година.

МП

Советник овластен градежен инспектор:
дипл.инж.арх. СЛОБОДАН ДАМЈАНОВСКИ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Гиевски Сашо , му издаде одобрение за градење на објект од Втора категорија – индивидуален станбен објект согласно Извод од ДУП за ГП на КП 8721 во КО Охрид 2/УЕ 15-ти Корпус Охрид.

Тасески Киро како сопственик на КП 8744/11 на адресата добиена од АКН како непосреден сосед беше известен за донесеното одобрение, со оглед да истиот е преселен ја правиме оваа јавна објава за негово запознавање.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Овластено лице во сектор за урбанизам**
**Татјана Стојческа,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Боро Шајн , му издаде одобрение за градење на објект А2 – семејно домување во станбени згради согласно Извод од ДУП за ГП 2.49 на КП 11706/1, КП 11497/17, КП 11704/2 и КП 11705/2 во КО Охрид 2..

Трајчевски Илиев Андреа како непосреден сосед на адресата добиена од АКН беше известен за донесеното одобрение, со оглед да истиот е преселен ја правиме оваа јавна објава за негово запознавање.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Овластено лице во сектор за урбанизам**
**Татјана Стојческа,с.р**